Самостоен синдикат за
образование, наука и култура
на Република Македонија
**- СОНК -**

Sindikata e Pavarur për
arsim, shkencë dhe kulturë
e Republikës së Maqedonisë
**- SASHK -**

**Архивски број:08-85/1**
**Датум: 03.07.2023 г.**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, по извршената анализа во однос на актуелните преговори за Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, на својата 20-та редовна седница, одржана на 03.07.2023 година, едногласно ги донесе следните

**КОНСТАТАЦИИ**

1. Советот на СОНК, по извршената расправа за Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, а задржувајќи се на предложената нова методологија за пресметка на платите во јавниот сектор, како и за други прашања во надлежност на СОНК, изрази задоволство што предлагачот отстапи од првичниот предлог, платите на работниците во јавниот сектор да се пресметуваат со бодови и корекцијата - зголемувањето на вредноста на бодот да биде во период од 5 години.

2. Концептот за пресметка на платите, предложен од страна на Владата, не кореспондира со моменталната состојба на платите во дејностите основно и средно образование, како и во ученичките и студенските домови односно, зголемување од 5,5% на сегашните плати во јавниот сектор, што ќе се примени од септември 2023 година, како почетен транзициски период за премин од концептот на пресметка на плата врз основа на бодови во пресметка на плата врз основа на коефициенти и пресметковна вредност просечна плата.

3. Новиот предлог на Владата, просечната бруто плата да биде основна вредност што ќе се множи со соодветен коефициент на сложеност на работно место на работникот е прифатлив предлог за СОНК, но со соодветни сериозни забелешки кои се преточени во овој документ.

4. Советот на СОНК констатира дека овие прашања се од исклучително значење за економскиот статус на вработените во споменатите дејности и дека барањата по кои треба да постапуваат МОН и Владата се издржани и законски основани.

Советот на СОНК, врз основа на донесените Констатации, а согласно член 53 од Статутот на СОНК, едногласно ги усвои следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Со оглед на фактот што во законскиот рок сеуште нема усогласување на платите со процентот на пораст на минималната плата утврдена во март 2023 година (12,55%) во дејностите основно и средно образование, ученички и студентски домови, Советот на СОНК очекува под итно прво да се реализира ова усогласување на платите, па потоа да се пристапи кон транзицискиот период.

2. Да продолжат преговорите со МОН за утврдување на периодот за усогласување на сегашните плати коригирани за 12,55%, со платите кои треба да ги имаат вработените во основно и средно образование според Колективните договори, водејќи особено внимание на распонот на коефициентите помеѓу работните места.

3. Да се интензивираат преговорите за колективните договори за основно и средно образование, во кои освен новата методологија за пресметка на плата, ќе бидат содржани и други одредби кои веќе се преговарани, како што се: регрес за годишен одмор, превоз на вработените од и до работното место, додатоци на плата по разни основи и слично.

4. Веднаш да се пристапи кон преговори и потпишуваање на колективни договори за ученички, студентски домови и домови за деца без родители или пак приклучување на овие дејности во колективните договори за основно и средно образование.

5. Отпочнување на итни преговори за склучување на колективен договор за високо образование и наука односно формирање на работна група, преговори со ресорното министерство, како и потпишување на колективниот договор.

6. Советот на СОНК се надева дека надлежните институции како социјални партнери на СОНК ќе имаат сериозен пристап за споменатите прашања, како не би морале да вршиме дополнителен притисок за остварување на законски утврдените права.

7. Доколку во наредниот период, а најдоцна до крајот на јули, не се договорат и потпишат документи со кој ќе се гарантира реализацијата на споменатите прашања, особено усогласувањето на платите со порастот на минималната плата, Советот на СОНК ќе донесе Одлука за понатамошните чекори што ќе ги преземе, а врз основа на волјата на членството. Голема е веројатноста дека одлуката ќе биде радикална, што не би било добро за двете страни како социјални партнери, имајќи го во предвид искуството од минатата година кога за истите прашања СОНК беше приморан да штрајкува 13 работни денови.

**Претседател,**
**Јаким Неделков**


Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК

Ул. „Мацир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk